ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

# И З В Е С Т У В А Њ Е
## за запишување на првачиња за учебна 2026/2027 година во основните училишта во општина Гевгелија

Врз основа на чл. 8 став (1) и чл. 60 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

**ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ** дека запишувањето е задолжителено за децата кои до крајот на декември 2026 година ќе наполнат 6 (шест) години, односно задолжителен за сите деца родени во текот на 2020 година, и за оние кои сакаат, за деца родени во текот на јануари 2021 година.

Запишувањето во прво одделение ќе се врши **од 4 до 28 мај 2026 година** во основните училишта во општината, со целосно почитување на реонизацијата на училиштата и живеалиштита на децата.

Родителите се должни при запишувањето, да достават:

1. Извод на родени за детето; (оригинал или копија)
2. Потврда за примени задолжителни вакцини; (оригинал)
3. Медицинска потврда од стоматолог, издадена од соодветна надлежна здравствена установа; (оригинал)
4. Медицинска потврда од офталмолог, издадена од соодветна надлежна здравстевена установа; (оригинал)
5. Лична карта од родителите со адреса на живеење која припаѓа во реонот на училиштето; (на увид или копија)
6. За деца со попреченост-мислење од Комисијата (МКФ).

Родителите задолжително закажуваат термин за прием на документите и интервју со детето во основните училишта на следниве телефонски броеви:

- ООУ „Крсте Мисирков“ – Гевгелија 078/447-373
- ООУ „Владо Кантарџиев“ – Гевгелија 075/322-633
- ООУ „Климент Охридски“ – Миравци 070/670-440
- ООУ „Ристо Шуклев“ – Негорци 078/232-499

Доколку родителот има интерес, пријавата и документите потребни за запишување на детето во прво одделение може да ги поднесе во електронска форма на апликацијата uslugi.gov.mk, по што ќе биде закажано интервју со детето.

Бр.14-606/2
27.04.2026 година
Гевгелија

Градоначлник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***